MQS
Partner of Quality Austria
Бр./Nr 08-1949/29
31-12-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст:ДКСК) на првото продолжение на педесет и седмата седница одржана на ден 21.12.2021 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на анкетниот лист на _____________, поранешен директор на Фонд за ________________ на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-1949/1 од 14.05.2020 година.

Предметот со број 08-1949/1 од 14.05.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-1949/1 од 14.05.2020 година за проверка на анкетниот лист на __________, поранешен директор на Фонд за ______________ на Република Северна Македонија е оформен по електронска пријава.

ДКСК по извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето ____________во законски предвидениот рок од 30 дена по прилив на парични средства (80.000,00 AUD) на девизната сметка во НЛБ Банка не поднел образец за пријавување на промена на имотната состојба до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог и истиот го достави до лицето __________. Истиот на ден 20.04.2021 година ја платил глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог и доставил доказ за извршената уплата до ДКСК заведена со број 08-1363/2 од 24.04.2021 година.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Одобрил: Горан Трпеноски, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**